СОНК
САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
TRADE UNION OF EDUCATION, SCIENCE AND CULTURE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
ул. Маџир Маало бр. 36, 1000 Скопје, П.Ф.450, тел:02/3115-011

Врз основа на член 53 од Статутот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК, Советот на СОНК на својата 1-ва седница, одржана на 18.01.2022 година, едногласно ги донесе следните:

З А К Л У Ч О Ц И

1. Советот на СОНК го задолжува претседателот на СОНК, Јаким Неделков, веднаш да испрати писма со честитки до Министерот за образование и наука, Министерот за труд и социјална политика, како и Министерот за култура и да побара итна работна средба со нив, во духот на продолжување на коректниот социјален дијалог и партнерство.

2. Да се упати барање до Министерот за образование и наука со цел под итно да продолжат преговорите за утврдување на финален текст за колективните договори за основно и средно образование и нивно потпишување.

3. Да се упати барање до Министерот за труд и социјална политика и Министерот за образование и наука за усогласување на платите врз основа на минималната плата и колективните договори.

4. Да се упати барање до Министерот за култура за потпишување на Анекс колективен договор за конечно решавање на проблемот со административните службеници и помошно-техничките лица.

5. Советот бара одговор од ресорните министри, дали и од кој месец ќе има реализација на зголемена плата за 7% во дејностите што ги застапува СОНК.

6. Ресорните министерства да продолжат со изнаоѓање на соодветни заштитни мерки за безбедност и здравје при работа коишто ќе бидат применливи во детските градинки, образовните и културните установи.

7. Советот на СОНК верува дека, во најкус можен рок, ресорните министри ќе излезат во пресрет на решавање на споменатите отворени прашања по пат на социјален дијалог. Во спротивно, СОНК ќе ги преземе сите расположливи легитимни синдикални средства за остварување на своите цели.

8. Се задолжува Стручната служба на СОНК, донесените Заклучоци од страна на Советот на СОНК, веднаш по одржување на седницата, да ги достави до ресорните министерства.

Претседател,
Јаким Неделков, с.р.